Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА
Бр. 04-487/1
02.10.2024 год.
Струмица

Врз основа на член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Сл. Весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и доставената конечна ранг листа на кандидати и предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас број 225/2024 бр. 10-1218/10 од 25.09.2024 година, ВД Директорот на Јавното претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња Стационар – Лана Струмица ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат за вработување на административен службеник во Јавното претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња Стационар – Лана Струмица

1. За извршител на работно место под ред. Бр. 1 **КДР0102В01059** Советник за управување со човечки ресурси, (Одделение за управување со човечки ресурси, Сектор за административни работи и човечки ресурси) се избира кандидатот **– Весна Делева**.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 (еден) по конечноста на ова Одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 22.08.2024 во дневните весници “Слободен Печат”, “Вечер” и “Коха” беше објавен оглас за вработување на административни службеници во Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња Стационар – Лана Струмица. Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, формирана е комисија за селекција за вработување по јавен оглас Решение за формирање комисија бр. 10-1218/5 од 22.08.2024.

На ден 06.09.2024 година во просториите на Агенцијата за админстраија извршена е административна селкција по јавен оглас за вработување бр. 225/2024, записник бр. 10-1218/6 од 06.09.2024 и констатира дека на огласот се пријавени: за работно место под реден број 1 вкупно 7 (седум) кандидати од кои 1 (еден) уреден кандидат и 6 (шест) неуредни кандидати и за работно место под реден бр. 2 вкупно 7 (седум) кандидати од кои 1 (еден) уреден и 6 (шест) неуредни кандидати.

Во просториите на Агенцијата за администрација на ден 20.09.2024 година се спроведе испит за административен службеник (записник бр. 10-1218/7 од 20.09.2024 год.). По огласот за вработување бр. 225/2024 на испитот уредно се појавија:

1 (еден) кандидат за работно место под реден бр 1 и

1 (еден) кандидат за работно место под реден бр .2

СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица

На ден 25.09.2024, во просториите на Агенцијата за администрација, се изврши проверка на веродостојноста на доказите. Успешно ја помина проверката само еден кандидат за работно место под реден број 1 од огласот за вработување бр. 225/2024, и со истиот се спроведе интервју за административен службеник (записник бр. 10-1218//8 од 25.09.2024 год).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата се изготви конечна ранг листа на кандидатите и предлог за вработување на кандидати (записник бр. 10-1218/10 од 25.09.2024 година), по оглас број 225/2024 и истата беше доставена до Директорот на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

По конечноста на ова Одлука директорот на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица во рок од 5 (пет) дена ќе склучи договор за вработување на неопределено време со избраниот кандидат.

**Упатство за правно средство**: Против ова одлука кандидатот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Доставено до**:

- Кандидатот
- Агенција за администрација
- Архива

В.Д. Директор
Александар Поп-Димитров

СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица